| **Опис на активности:** | Реализирање на едукации и обуки за 100 лица,воспитувачки и негователки од градинките на територијата на Општина Карпош. Обуките би ги реализирал соодветен Центар за прва помош со обучени тимови составени од (координатор, доктор и администратори ) согласно законските регулативи. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Првата помош треба да биде дел од секојдневието бидејќи се применува во секој сегмент од животот ( дома , на работа ,на училиште, во градинка, на улица ).Поради тоа и во согласност со законските регулативи неопходна е соодветна обука. |
| **Очекувани резултати:** | Стекнување на знаења за пружање на соодветна прва помош во случај на потреба. |
| **Целна група:** | Вработените во градинките |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | 150.000 денари<br>Црвен Крст на Град Скопје |

**Во точка 16. „ Итно копче “** во делот „Предвидена финансиска рамка“ , се додаваат зборовите „ Реализатор: Црвен Крст на Град Скопје“

По изменувањето и дополнувањето точката 16 гласи :

| 16. | **„ Итно копче “** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Со оваа услуга се опфатени лица над 65 годишна возраст од Скопје кои живеат сами, лица кои се корисници на услугата “Помош и нега во домот” и други изнемоштени лица кои живеат сами.Корисниците можат оваа услуга да ја користат во своите домови, преку притискање на кочето ( аларм уредот ) на уредот за комуникација, секогаш кога ќше се најдат во состојба за која е потребна итност во постапувањето, односно давање прва помош и поддршка при повреда.<br>Услугата Итно копче на корисниците им нуди:<br>• 24/7 поддршка секогаш кога ќе се најдат во состојба за која е потребна итност;<br>• Обучени и пријателски лица кои се грижат за нивната добросостојба;<br>• Прва помош и прва психолошка помош;<br>• Бесплатно одржување на уредот во случај на технички дефект;<br>• Дневна техничка поддршка на аларм-уредите;<br>• Транспорт до соодветната здраствена установа со посебни возила.<br>Во случај на итност тимот кој постапува е составен од обучени професионалци, кои се грижат за своите корисници. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подобрување на квалитетот на живот на старите и изнемоштени лица кои живеат сами |
| **Очекувани резултати:** | Оваа услуга е насочена кон помош и поддршка на лица ( мажи и жени ) ,повозрасни жители на Општина Карпош како и кон унапредување на социјалните услуги со цел насочена кон потребите |

| | |
|---|---|
| | на социјално ранливите категории |
| **Целна група:** | Жители на Општина Карпош од повозрасна категорија ( над 65 години ) , со приоритет на лицата кои живеат сами, кои претходно изразиле интерес за нејзино користење и се избрани како корисници на истата а по принципот „ прв дојден ,прв услужен “ и имаат потпишано договор за користење на услугата. |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | 220.000,оо денари<br>Општина Карпош<br>Црвен Крст на Град Скопје |

3. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “ .

**Број: 09-763/9**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош ( лекување и социјален ризик)**

1. Се објавува Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош ( лекување и социјален ризик), донесен на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/5**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и 9; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2025), Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош ( лекување и социјален ризик)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на право на еднократна парична помош за граѓани – жители на Општина Карпош.

### Член 2

Еднократната парична помош од член 1 на овој Правилник се доделува врз основа на поднесено писмено Барање до Општина Карпош.

Поднесеното Барање, заедно со комплетната пропишана документација, го разгледува и по него одлучува Комисија за доделување на еднократна парична помош, формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

### Член 3

Подносителите на Барање за доделување на еднократна парична помош се должни кон Барањето да ја доставаат комплетната документација, во копија, согласно одредбите на овој Правилник.

### Член 4

Висината на еднократната парична помош ја утврдува Комисијата, во рамки на планираните средства во Буџетот на Општина Карпош, а согласно износите утврдени во член 6 од овој Правилник.

## II. УСЛОВИ, НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

### Член 5

Општина Карпош доделува еднократна парична помош на следниве категории на граѓани – жители на Општина Карпош:

1. физички лица со малигни заболувања кои се во фаза на лекување
2. други тешки хронични заболувања кои се во фаза на активно лекување или долготрајна терапија ;
3. физички лица за кои е потребна медицинска интервенција во странство;
4. физички лица – корисници на гарантирана минимална помош;
5. самохрани родители со висок степен на социјален ризик, согласно Законот за социјална заштита.

### Член 6

Кон Барањето за доделување на еднократна парична помош, подносителот е должен да ја достави следната документација:

**1. Физички лица со малигни заболувања**

- копија од лична карта или патна исправа;
- специјалистички извештај и медицински доказ за болеста и терапијата, издаден од овластена здравствена установа, не постар од една (1) година;
- копија од трансакциска сметка на подносителот/примателот.

Висината на еднократната парична помош за оваа категорија изнесува до **30.000 денари**, а истата ја утврдува Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

**2. Други тешки хронични заболувања кои се во фаза на активно лекување или долготрајна терапија;**

Под „други тешки хронични заболувања“, во смисла на овој Правилник, се сметаат заболувања кои, според медицинска документација, предизвикуваат значително нарушување на здравствената и социјалната состојба на лицето.

- копија од лична карта или патна исправа;
- специјалистички извештај и медицински доказ за болеста и терапијата, издаден од овластена здравствена установа, не постар од една (1) година;
- копија од трансакциска сметка на подносителот/примателот.

Висината на еднократната парична помош за оваа категорија изнесува до **15.000 денари**, а истата ја утврдува Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

**3. За физички лица за кои е потребна медицинска интервенција во странство:**

- копија од лична карта или патна исправа;
- Решение за упатување на лекување во странство донесено од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, (и/или конзилијарно мислење, отпусно писмо за веќе извршена интервенцијане постаро од шест (6) месеци);
- копија од трансакциска сметка на подносителот/примателот.

Висината на еднократната парична помош за оваа категорија изнесува до **30.000 денари**, а истата ја утврдува Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

**4. За физички лица – корисници на гарантирана минимална помош:**

- копија од лична карта или патна исправа;
- решение или друг соодветен доказ дека подносителот е корисник на гарантирана минимална помош;
- копија од трансакциска сметка на подносителот/примателот.

Висината на еднократната парична помош за оваа категорија изнесува до **10.000 денари**, а истата ја утврдува Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

**5. За самохрани родители со висок степен на социјален ризик:**

- копија од лична карта или патна исправа;
- копија од извод од матична книга на родени за децата;
- доказ дека другиот родител е непознат, починат, исчезнат или со соодветен акт на суд или центар за социјална работа е утврдено дека привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности;
- потврда за месечни приходи на подносителот кои не го надминуваат износот на утврдената минимална плата во Република Северна Македонија;
- копија од трансакциска сметка на подносителот/примателот.

Висината на еднократната парична помош за оваа категорија изнесува до **10.000 денари**, а истата ја утврдува Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

## III. КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

### Член 7

Комисијата за доделување на еднократна парична помош е составена од вработени во општинската администрација и членови на Советот.
Комисијата се состанува по потреба, во зависност од бројот на поднесените барања, но најмногу еднаш месечно.

За својата работа Комисијата води Записник, кој го потпишуваат сите членови што учествувале во одлучувањето.

**Член 8**

Составен дел на овој Правилник е образецот „Барање за доделување на еднократна парична помош“.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-763/10**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) за 2026 година**

1. Се објавува Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) за 2026 година, донесено на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/6**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2025 и 04/2026), Советот на Општина Карпош, на 8. седница одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) за 2026 година**

1.Советот на Општина Карпош, од своите редови именува-верификува членови на Советот, за членови во Комисија за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) за 2026 година (составена од 12 члена, од кои 9 / члена претставници од Советот на Општина Карпош и 3 члена вработени во администрацијата на Општина Карпош) и тоа:

-Добрила Андоновска
-Ана Цветаноска
-Љупчо Трипуновски
-Адријана Јакимовска Панчевска
-Ивана Петковска
-Вера Бужаровска
-Јасмин Циривири
-Филип Иваноски
-Благица Цветановска

2.Се овластува градоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање на Комисија, во која покрај членовите од точка 1 на ова решение, ќе именува 3 члена вработени во администрацијата на Општина Карпош.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Карпош “.

**Број: 09-763/11**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Општина Карпош Скопје, донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/7**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и Службен весник на Република Северна Македонија ( 202/2024), одредбите од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25 ) и како и врз основа на Барањето бр.54-220/1 од 12.06.2026 година, доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“' Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

## ОДЛУКА
### за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Општина Карпош Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ -Општина Карпош, Скопје и тоа:
- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ – Скопје и до Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 2026 година.

**Број: 09-763/12**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка„Орце Николов“ Општина Карпош Скопје, донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/8**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и Службен весник на Република Северна Македонија ( 202/2024), одредбите од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и , како и врз основа на Барањето бр.09-106/1 од 09.01.2026 година, доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“' Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

## ОДЛУКА
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје**

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ -Општина Карпош, Скопје и тоа:
- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок

### Член 2

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ – Скопје и до Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 2026 година.

**Број: 09-763/13**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка „ Пролет“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Општина Карпош Скопје, донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/9**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и Службен весник на Република Северна Македонија ( 202/2024), одредбите од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и , како и врз основа на Барањето бр. 54-459/1 од 21.01.2026 година, доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ ’ Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка „ Пролет“ Општина Карпош Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ -Општина Карпош, Скопје и тоа:

- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ – Скопје и до Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 2026 година.

**Број: 09-763/14**
**Датум: 06.02.2026 година**
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје, донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/10**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и Службен весник на Република Северна Македонија ( 202/2024), одредбите од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) , како и врз основа на Барањето бр.54-248/1 од 14.01.2026 година, доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“' Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ -Општина Карпош, Скопје и тоа:

- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден , од понеделник до петок

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Скопје и до Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош”, а ќе се применува од 2026 година.

**Број: 09-763/15** ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Датум: 06.02.2026 година** НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Скопје** **Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Општина Карпош Скопје, донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/11**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и Службен весник на Република Северна Македонија ( 202/2024), а во врска со член 60 став 2 и 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/2, 17/25 и 132/25) и , како и врз основа на Барањето бр.54-246/1 од 14.01.2026 година доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“' Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“**
**Општина Карпош Скопје**

1.Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Општина Карпош Скопје бр.02-181/3 од 26.12.2025, донесена од Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“- Скопје

2.Решението да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“- Скопје

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Карпош “а ќе се применува од 2026 година.

**Број: 09-763/16**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје, донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/12**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), и Службен весник на Република Северна Македонија ( 202/2024), а во врска со член 60 став 2 и 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/2, 17/25 и 132/25) и , како и врз основа на Барањето бр.09-675/1 од 28.01.2026 година доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“**
**Општина Карпош Скопје**

1.Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Општина Карпош Скопје бр.02-30/2 од 26.01.2026 година, донесена од Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“- Скопје

2.Решението да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“- Скопје

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Карпош “а ќе се применува од 2026 година.

**Број: 09-763/17**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Општина Карпош Скопје, донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/13**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и Службен весник на Република Северна Македонија ( 202/2024), а во врска со член 60 став 2 и 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/2, 17/25 и 132/25) и , како и врз основа на Барањето бр.54-692/1 од 28.01.2026 година доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“**
**Општина Карпош Скопје**

1.Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Општина Карпош Скопје бр.02-18/4 од 16.01.2026 година, донесена од Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“- Скопје

2.Решението да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“- Скопје

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Карпош “а ќе се применува од 2026 година.

**Број: 09-763/18**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје, донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/14**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и Службен весник на Република Северна Македонија ( 202/2024), а во врска со член 60 став 2 и 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“(„Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/2, 17/25 и 132/25) и , како и врз основа на Барањето бр.54-247/1 од 14.01.2026 година доставено од Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје, Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“**
**Општина Карпош Скопје**

1.Се дава согласност на Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Општина Карпош Скопје бр.02-248/22 од 22.12.2025 година, донесена од Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“- Скопје

2.Решението да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“- Скопје

3.Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Карпош “, а ќе се применува од 2026 година.

**Број: 09-763/19**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“- Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“- Општина Карпош-Скопје, донесено на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/15**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019, 229/20,3/25 И 74/25), а во врска со Барањето бр.53-8780/1 од 27.08.2025 година, и дополнување на предметот со бр.53-499/1 од 22.01.2026 година, Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“- Општина Карпош-Скопје**

1.Со ова Решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош-Скопје на начин што се разрешува Мартин Домби од член на училишен одбор претставник од основачот Општина Карпош, именуван со решение бр.03-70/2 од 09.02.2023 година поради истек на мандат.

2.За преставник на Општина Карпош во Училишен одбор на општинско основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош – Скопје, на предлог на Советот на Општина Карпош се именува:

- Аце Миноски

3.Се задолжува Одделението за образование при Општина Карпош да го достави ова Решение до
- ООУ „Војдан Чернодрински“-Карпош.
- Разрешениот член наведен во точка 1 од ова Решение
- Именуваниот член наведен во точка 2 од ова Решение

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-763/20**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Факултет за електротехника и информациски технологии**

1. Се објавува Решение за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Факултет за електротехника и информациски технологии, донесено на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/16**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), член 122 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24) согласно член 81 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Универзитетски гласник бр.457/19), и врз основа на Барањето бр.09-450/1 од 21.01.2026 година, Советот на Општина Карпош на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Факултет за електротехника и информациски технологии**

1.За член во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за електротехника и информациски технологии во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје се определува:

- Давор Грче, член на Советот на Општина Карпош.

2.Се задолжува Одделението за поддршка и организација на работата на Советот, Решението да го достави до Факултетот за електротехника и информациски технологии во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

4.Со влегување во сила на ова решение, престанува да важи Одлуката бр. 09-2483/43 од 13.03.2025 година.

**Број: 09-763/21** ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Датум: 06.02.2026 година** НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Скопје** **Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решение за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Факултет за драмски уметности - Скопје**

1. Се објавува Решение за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Факултет за драмски уметности – Скопје, донесено на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/17**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 202/2024), член 122 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24) согласно член 79 од Статутот на Факултетот за драмски уметности – Скопје (Универзитетски гласник бр.455/19), и врз основа на Барањето бр.09-450/1 од 21.01.2026 година, Советот на Општина Карпош на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Факултет за драмски уметности - Скопје

1.За член во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за драмски уметности во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје се определува:

- Горан Михајлов, член на Советот на Општина Карпош.

2.Се задолжува Одделението за поддршка и организација на работата на Советот, Решението да го достави до Факулте за драмски уметности во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-763/22** ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Датум: 06.02.2026 година** НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Скопје** **Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за поништување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

1. Се објавува Одлука за поништување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/18**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на Република Македонија” бр. 202/24), Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поништување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се поништува Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, донесена на 65 седница на Советот на Општина Карпош бр.09-4607/17 од 15.05.2025 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 06/2025).

**Член 2**

Предметната одлука се поништува од причина што по спроведениот јавен повик за давање под закуп не е избран закупец, односно постапката не резултирала со склучување на договор за закуп.

**Член 3**

Со стапување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката со бр.09-4607/17 од 15.05.2025 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-763/23**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Младински центар – Карпош**

1. Се објавува Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Младински центар – Карпош, донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 6 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/19**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Младински центар – Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Карпош ја дава на времено користење без надоместок просторијата на кат 1 во објектот – спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, која е во сопственост на Општина Карпош, евидентирана во Имотен лист бр. 78806, со носител на право на сопственост Општина Карпош, Катастарска Општина Карпош, на адреса ул. Љубљанска бр.2, со површина од 270 (двесте и седумдесет) $м^2$, кат 1, согласно приложената скица заверена со архивски број 11-742/1 од 29.01.2026 година.
Просторот се дава за работа на Младинскиот центар – Карпош, кој ќе придонесе за развој на младите во Општина Карпош.

**Член 2**

Објектот се отстапува на користење за период најмногу до 3 (три) години. За целиот период на користење на објектот Младинскиот центар - Карпош се ослободува од плаќање на надоместок, односно предметниот објект се дава на користење без надоместок за простор и режиски трошоци.
Просторот се издава исклучиво за намената која е утврдена според Програмата на Секторот за развој на Општина Карпош за 2026 година, просторот не смее да се користи за други дејности, ниту да се остваруваат приходи надвор од Програмата на Младинскиот центар.
Просторот не може да биде предмет на давање во подзакуп или да се реиздава на други корисници.
Доколку просторот не се користи, односно не се користи за дадената намена, се даде во подзакуп или реиздаде истот ќе претсавува основ за еднострано раскинување на Договорот од страна на Општина Карпош.

Прекршувањата на условите за користење на просторот кои претставуваат основ за еднострано раскинување на Договорот, ќе бидат констатирани од страна на Комисијата на Општина Карпош формирана со архивски број 11-597/1 од 26.01.2026 година, со изготвување на Записник.

**Член 3**

Се задолжува Секторот заправни работи на Општина Карпош да го изготви договорот за отстапување на правото накористење на отстапениот простор.

**Член 4**

Се за должува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-763/24**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за објавување на Решение за давање на времено користење без насоместок на просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Ресурсен центар – Карпош**

1. Се објавува Решение За давање на времено користење без насоместок на просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Ресурсен центар – Карпош, донесено на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/20**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62 („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, ја донесе следната

**РЕШЕНИЕ**

**За давање на времено користење без насоместок на просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Ресурсен центар – Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Карпош ја дава на времено користење без надоместок на просторија на приземје број 15 со површина од 12.90 м2 и просторија број 16 со површина од 12.25 м2 согласно скица заверена со архивски број 11-743/1 од објектот – спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје, која е во сопственост на Општина Карпош, евидентирана во Имотен лист бр. 78806, со носител на право на сопственост Општина Карпош, Катастарска општина Карпош, на адреса ул. Љубљанска бр. 2.

Просторот се дава за работа на Ресурсниот центар – Карпош, кој ќе придонесе за развој на невладиниот сектор.

**Член 2**

Објектот се отстапува на користење за период од 1 (една) година. За целиот период на користење на објектот Ресурсниот центар - Карпош се ослободува од плаќање на надоместок, односно предметниот објект се дава на користење без надоместок за простор и режиски трошоци.

Просторот се издава исклучиво за намената која е утврдена според Програмата на Секторот за развој на Општина Карпош за 2026 година, просторот не смее да се користи за други дејности, ниту да се остваруваат приходи надвор од Програмата на Ресурсниот центар.

Просторот не може да биде предмет на давање во подзакуп или да се реиздава на други корисници.

Доколку просторот не се користи, односно не се користи за дадената намена, се даде во подзакуп или реиздаде истот ќе претсавува основ за еднострано раскинување на Договорот од страна на Општина Карпош.

Прекршувањата на условите за користење на просторот кои претставуваат основ за еднострано раскинување на Договорот, ќе бидат констатирани од страна на

Комисијата на Општина Карпош формирана со архивски број 11-596/1 од 26.01.2026 година, со изготвување на Записник.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да го изготви Договорот за отстапување на правото на користење на отстапениот простор.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-763/25**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Црвен Крст на Град Скопје**

1. Се објавува, Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Црвен Крст на Град Скопје донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/21**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), врз основа на Барањето бр.54-730/1 од 29.01.2026 година поднесено од Црвен Крст на Град Скопје, Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Црвен Крст на Град Скопје**

**Член 1**

Се отстапува на користење просторија од приземје од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, во сопственост на Општина Карпош за користење на Црвениот Крст на Град Скопје. Просторијата е со површина од 27 (дваесет и седум) м2, се наоѓа на Ул.„Љубљанска“ б.б , што претставува објект на КП 1227/1 КО- Карпош 3, за потребите на услугата „ Помош и нега во домот “.

**Член 2**

Објектот се отстапува на користење за период од 1 (една )година. За целиот период на користење на објектот Црвениот Крст на Град Скопје се ослободува од плаќање на надоместок, односно предметниот објект се дава на користење без надоместок.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да го изготви договорот за отстапување на правото на користење на отстапениот простор.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-763/26**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Град Скопје и Општина Карпош за вршење стручно-административни работи и издавање одобрение за поставување урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор**

1. Се објавува, Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Град Скопје и Општина Карпош за вршење стручно-административни работи и издавање одобрение за поставување урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/22**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), член 3 и член 4 од Одлуката за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор на подрачјето на град Скопје („Службен гласник на Град Скопје” бр.13/25), а во врска со член 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија” бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.241/24), Советот на Општина Карпош на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Град Скопје и Општина Карпош за вршење стручно-административни работи и издавање одобрение за поставување урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Карпош воспоставува меѓуопштинска соработка со Град Скопје заради поефикасно и поекономично вршење на надлежностите утврдени со закон, за остварување на заедничките интереси и цели преку вршење стручно-административни работи и издавање одобрение за поставување комунална, монтажно-демонтажна, рекламно-информативна и комерцијално-угостителска урбана опрема и издавање одобрение за вршење угостителска, трговска и занаетчиска дејност надвор од деловен простор, на подрачјето на Општина Карпош, од страна на Град Скопје во име и за сметка на Општина Карпош.

### Член 2

Општина Карпош и Град Скопје остварувањето на меѓуопштинската соработка утврдена во член 1 на оваа одлука, ќе ја вршат на начин утврден со оваа одлука.

### Член 3

Остварувањето на меѓуопштинската соработка меѓу Град Скопје и Општина Карпош од член 1 на оваа одлука, ќе се извршува во времетраење на правната сила на оваа одлука.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука се овластува градоначалникот на Општина Карпош да склучи договор со градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка, во кој поблиску ќе се уредат прашањата, особено во делот на:начинот и условите за вршење стручно-административни работи и издавање одобрение за поставување на комунална, монтажно-демонтажна, рекламно-информативна и комерцијално-угостителска урбана опрема и издавање одобрение за вршење:

- угостителска, трговска и занаетчиска дејност надвор од деловен простор, на подрачјето на Општина , од страна на Град Скопје во име и за сметка на Општина Карпош;
- начинот и условите на распределба на средства од комуналната такса;
- времетраењето на вршењето на заедничката надлежност (меѓуопштинска соработка);
- начинот и условите за престанок на договорот и
- други прашања од интерес на заедничкото вршење на заедничката надлежност.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-763/27**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Христо Саракинов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022, 2/2023 и 2/2026), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата**

1. Се објавува, Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата, донесена на 8. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 06 февруари 2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1092/23**
**Датум:09.02.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сотир Лукровски, с.р.**

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 241/24), врз основа на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за вршење надлежности од областа на инспекцијата бр. 27-926/1 од 29.01.2026 година, донесена на 6. седница на Советот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр.1/2026), Советот на Општина Карпош, на 8. седница, одржана на 06 февруари 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, врз основа на иницијатива поднесена од Општина Карпош прифатена со Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата бр. 27-926/1 од 29.01.2026 година, со цел поефикасно извршување на надлежностите на Општина Карпош во однос на спроведувањето на актите на градежната инспекција за отстранување на бесправно изградените објекти на подрачјето на Општина Карпош – Скопје.

**Член 2**

Општина Карпош во остварувањето на оваа меѓуопштинска соработка ќе учествува со вршење на стручно-административни работи од областа на инспекцијата, во делот на донесување и спроведување на актите за отстранување на бесправно изградените објекти на своето подрачје.

Град Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со обезбедување финансиски средства за отстранување на бесправно изградените објекти, при што работите ќе бидат изведени од Јавното претпријатие „Улици и патишта“ – Скопје.

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Град Скопје.
Општина Карпош, по наплата на направените трошоци од сопствениците на отстранетите објекти, истите ќе ги уплатува на сметка на Буџетот на Град Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука за меѓуопштинска соработка се донесува за период од 1 (една) година.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука, Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка, со кој поблиску ќе се уредат прашањата поврзани со отстранувањето на бесправно изградените објекти, начинот на уплата на наплатените средства, како и други прашања од значење за спроведување на оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош

**Број: 09-763/28**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов, с.р.**

СОДРЖИНА


1. Одлука за престанување на важење на Одлуката за утврдување надоместок на членовите и Претседателот на Советот на Општина Карпош за седници на советот и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместок на членовите и Претседателот на Советот на Општина Карпош за учество на седници на советот; со Решение за објавување,
2. Решение за формирање на Комисија за изработка, следење и спроведување на едногодишни Акционени планови за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 3 (Локален Еколошки Акционен План)
3. Одлука за расходување на средствата на опремата и ситниот инвентар по извршениот попис за 2025 година; со Решение за објавување,
4. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2026 година; со Решение за објавување,
5. Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) ; со Решение за објавување,
6. Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање Комисија за доделување на еднократна парична помош (лекување и социјален ризик) за 2026 година; со Решение за објавување,
7. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје; со Решение за објавување,
8. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје; со Решение за објавување,
9. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје; со Решение за објавување,
10. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје; со Решение за објавување,
11. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Карпош-Скопје; со Решение за објавување,
12. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје; со Решение за објавување,

13. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје; со Решение за објавување,
14. Решение за давање согласност на Одлуката за формирање на Комисијата за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје; со Решение за објавување,
15. Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош - Скопје; со Решение за објавување,
16. Решение за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“- Факултет за електротехника и информациски технологии; со Решение за објавување,
17. Решение за определување на член во Одбор за соработка и доверба со јавноста на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Факултет за Драмски уметности Скопје; со Решение за објавување,
18. Одлука за поништување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје; со Решение за објавување,
19. Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Младински центар – Карпош; со Решение за објавување,
20. Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Ресурсен центар – Карпош; со Решение за објавување,
21. Одлука за давање на времено користење без надоместок просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Црвен Крст на Град Скопје; со Решение за објавување,
22. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Град Скопје и Општина Карпош за вршење стручно-административни работи и издавање одобрение за поставување урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор; со Решение за објавување,
23. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за вршење надлежности од областа на инспекцијата; со Решение за објавување.

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.„Никола Русински“ бр.11
Тираж: 25 примероци